## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ЈАВЕН ОГЛАС

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги известува сите кандидати дека следните термини за полагање на стручните испити за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност ќе се одржат во Испитниот центар на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј на адреса “Бул. Гоце Делчев 9б на следниве датуми: **20-03-2018 година; 26-03-2018 година; 30-03-2018 година; 17-04-2018 година; 23-04-2018 година; 30-04-2018 година; 18-05-2018 година; 28-05-2018 година; 06-06-2018 година; 18-06-2018 година и 25-06-2018 година.**

## СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ

**Модул 1**

9:00-11:00 Регулатива за пазарот на капитал во РМ
11:00-13:00 Квантитативни методи и статистика
13:30-15:30 Економика
15:30-17:30 Анализа на финансиски извештаи

**Модул 2**

9:00-11:00 Финансии на корпорацијата (финансиски менаџмент)
11:00-13:00 Анализа и вреднување на акциите
13:30-15:30 Анализа и вреднување на инструменти со фиксен доход

**Модул 3**

9:00-11:00 Финансиски деривативи
11:00-13:00 Анализа на алтернативни инвестиции
13:30-15:30 Портфолио менаџмент
15:30-17:30 Етика, професионални стандарди и односи со клиенти

## СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**Модул 1**

9:00-11:00 Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија

**Модул 2**

9:00-11:00 Акции

**Модул 3**

9:00-11:00 Обврзници

Рокот за пријавување за полагање на стручниот испит е најдоцна 5 дена пред датумот на полагање. Кандидатот за полагање на испитот се пријавува со пополнување на пријавата која може да се најде на веб страната на Комисијата во делот - Обуки www.sec.gov.mk и доставување на истата во архивата на Комисијата или на следнава елетронска адреса ispiti@sec.gov.mk.

Кандидатот е должен половина час пред почетокот на испитот да биде присутен во Испитниот центар и да приложи на увид на овластените лица документи за лична идентификација.

Стручниот испит за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност се полага по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

**Ве известуваме дека прашањата за полагање на стручниот испит за инвестиционо советување и работење со хартии од вредност се јавно објавени и истите Ви се достапни на следниот линк http://www.prasanja.mk.**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Македонија**